Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02 - 226/12
Прилеп, 10.03 2022 год.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА П.И.„ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП ВО ПЕРИОДОТ 01.01.2021 - 31.12.2021 ГОДИНА

*Содржина:*

1. Основни податоци за друштвото

2. Управување со финансиски ризик

3. Инвестиции

4. Дивиденда

5. Финансирање

6. Големи зделки

7. Односи со поврзани субјекти

8. Акционерски капитал

9. Надоместоци на раководството

10. Финансиски извештаи и финансиски показатели

11. Трудова статистика

12. Собрание на акционери, орган на управување, оперативен тим

13. Корпоративна општествена одговорност

14. Осврт на органот на управување кон макроекономските состојби и состојбите во Друштвото

## 1. Основни податоци за друштвото и поврзаните правни субјекти

**П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп**, е основана во 1956 година со Решение - рег.бр. 9/56, на тогашниот Окружен Стопански суд во Битола, како фабрика за производство на црвена пипер. Во текот на годините друштвото активно вложува во развојни проекти, значително го проширува сопствениот производен асортиман и бележи континуиран раст. Со Решение бр. 1485/98 од 20.10.1998 год. во Основниот суд Битола како регистарски суд е спроведена судска регистрација на „Витаминка“ како акционерско друштво, а во насока на усогласување со Законот за трговските друштва.

Со примената на законските прописи (Законот за централниот регистар и др. прописи) податоците за П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, од трговскиот регистар кој се водеше во Основниот суд во Битола, пренесени се во Централниот регистар на Р.М. Основните податоци за друштвото се следните:

- Единствен матичен број (ЕМБС) 4015215,
- Целосен назив на субјектот на упис: Прехранбена индустрија „Витаминка“ а.д. Прилеп,
- Седиште: ул. „Леце Котески“ бр. 23 - Прилеп,
- Вид на правното лице: 05.5 Акционерско друштво,
- Големина на деловниот субјект: Голем,
- Одговорност во правниот промет: За обврските створени во правниот промет со трети лица, друштвото одговара со сите свои средства,
- Датум на првична регистрација: 20.10.1998 год.
- Траење: Неограничено

ОСНОВНА ГЛАВНИНА:

- Основачки влог МКД: 248.770.775,00
- Основачки влог EUR: 4.049.000,00

  Уплатено во целост
- Број на акции: 76.720
- Вкупно акционери: 216

Во 2021 год. резервиран општествен капитал не постои.

Во 2021 год. бројот на акциите изнесува 76.720, од кои 2.286 се сопствени акции на друштвото. Сите акции се обични со право на еден глас, со исклучок на сопствените акции за кои што мируваат правата. Номиналната вредност на поединечна акција изнесува 52,78 Евра.

Основната дејност на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп согласно НКД е: Производство на какао, чоколади и кондиторски производи, шифра: 10.82. Друштвото во Централниот регистар на Република Македонија има регистрирано и општа клаузула за бизнис.

Поврзани субјекти со П.И.„Витаминка“ АД Прилеп се следните правни лица:

- Друштво за превоз, трговија и услуги В-РОУТЕ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, основано на 02.10.2017 година, ЕМБС 7236266, со приоритетна дејност 49.41 според НКД – товарен патен

транспорт, на кое П.И.„Витаминка" АД Прилеп е единствен сопственик. Преку ова друштво се одвива дистрибуцијата на производите на „Витаминка" АД, но и се обезбедуваат транспортни услуги и за трети лица, што го прави друштвото самоодржливо.

- Друштвото **„Ведрина-2" ДОО Белград, Република Србија**, основано на 28.06.2003 година, ЕМБС 17418777, со приоритетна деност 46.31, според НКД во Р.Србија, трговија на големо со шеќер, чоколади и слатки, на кое П.И.„Витаминка" АД Прилеп е единствен сопственик.

- **„Витаминка БГ" ЕООД, Софија, Република Бугарија**, ЕМБС 202127272, со приоритетна дејност купопродажба на стоки и услуги, според НКД на Р.Бугарија, на кое П.И.„Витаминка" АД Прилеп е единствен сопственик.

- Дополнително, П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп се појавува и како еден од основачите на **„Пакомак" ДОО Скопје**, со удел во висина од 1/11 од основачкиот влог на друштвото.

- Во текот на 2017 година или поточно на 07.07.2017 година беше основано и **Здружението Женски РАКОМЕТЕН КЛУБ ДЕСПИНА Прилеп**, по барање на врвното раководство на „Витаминка", од страна на повеќе физички лица вработени во П.И.„Витаминка" АД Прилеп, а во согласност со Законот за здруженија и фондации.

## 2. Управување со финансиски ризик

### 2.1. Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи кредитен ризик и ризици поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Одборот на директори врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, кредитниот ризик, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 2.2. Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Друштвото доколку корисникот или договорната страна на финасискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски. Кредитниот ризик настанува од побарувања од купувачи, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е под влијание од страна на индивидуални карактеристики на секој клиент. Друштвото има воспоставени политики, за да се осигура дека продажбата на стоки и услуги е извршена на корисници со соодветна кредитна

историја, односно Друштвото има воспоставени политики според кои кредибилитетот на секој дилер и клиент со поголеми нарачки е анализиран пред потпишување на договорот, додека малопродажбата целосно е однапред планирана.

Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број на клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

### 2.3. Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии. Изворите на финансиски средства како дополнителни извори за обртен капитал за секојдневната работа на друштвото и од сопствените извори на такви средства (од остварената годишна добивка и од издвоените средства од амортизацијата), континуирано се намалуваат.

### 2.4. Пазарни ризици

Пазарен ризик е ризик од промени во пазарни цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијае на приходите на Друштвото или на вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на поврат на средствата.

Ризик од курсни разлики

Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари и е изложено на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото и Доларот. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Ризик од каматни стапки врз паричните текови и објективната вредност

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и паричните текови. Раководството на Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои значителна концентрација на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известување. Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат неповолен ефект врз успешноста во финансирањето на Друштвото.

Во исто време, Друштвото нема значителни пласирања на своите средства во орочени депозити и високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

### 2.5. Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да се одржи или прилагоди структурата на капиталот, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

## 3. Инвестиции

Во 2021 година беа ставени во функција инвестиции во износ од 3.548.132,00 ЕВРА. Овие инвестиции се реализирани преку земени долгорочни кредити од банки и со користење на сопствени извори, остварениот позитивен финансиски резултат и годишната амортизација.

| ИНВЕСТИЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2020 г | 2021 г | Раст / Пад |
| | МКД | МКД | % |
| Нематеријални средства | 196.651,00 | 860.564,00 | 337,60 |
| Земјишта и градежни објекти | 2.796.023,00 | 116.451.648,00 | 4.046,90 |
| Опрема | 12.434.655,00 | 77.825.867,00 | 525,87 |
| Долгорочни вложувања | 44.287.918,00 | 23.426.905,00 | -47,10 |
| ВКУПНО | 59.715.247,00 | 218.564.984,00 | 226,01 |

## 4. Дивиденда

На 28.05.2021 година на Годишното собрание на акционери не е одобрена пресметка и исплата на дивиденда за 2020 година. Добивката е распоредена во резерви за инвестициони вложувања..

## 5. Финансирање

Преглед на обврски по долгорочни и краткорочни позајмици по доспеаност во илјади мкд:

| | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| **Долгорочни позајмици со камата и обврски по финансиски наем** | | |
| Про Кредит Банка, Скопје | 298,655.00 | 407,524.00 |
| Комерцијална Банка, Скопје | 826,948.00 | 746,242.00 |

| | | |
|---|---|---|
| НЛБ Банка | 30,556.00 | 47,222.00 |
| Стопанска Банка Скопје | 24,555.00 | 15,759.00 |
| Шпаркасе Банка, Скопје | 23,726.00 | |
| **Вкупно долгорочни позајмици** | **1,204,440.00** | **1,216,747.00** |
| Намалено за: тековна доспеаност | -234,581.00 | -183,678.00 |
| **Долгорочен дел** | **969,859** | **1,033,069.00** |
| | | |
| **Краткорочни позајмици со камата и обв.по фин.наем** | | |
| Комерцијална банка во вкупен износ од 40,000 илјади денари | 19,469.00 | |
| Шпаркасе банка во илјади денари | 167,427.00 | 60,000.00 |
| НЛБ банка во илјади денари | 17,019.00 | 33,807.00 |
| Шпаркасе лизинг | 365.00 | 354.00 |
| Стопанска Банка АД СКопје | 88,440.00 | |
| Обврски по кредитни картички со варијабилна каматна стапка | 142.00 | 90.00 |
| **Вкупно краткорочни позајмици** | **292,862.00** | **94,251.00** |
| Тековна доспеаност на долгорочни позајмици со камата | 234,581.00 | 183,678,00 |
| **Краткорочни позајмици и тековно доспев.на долгор.поз,** | **527,443.00** | **277,929.00** |
| **Сé вкупно позајмици и фин.наем** | **1,497,302** | **1.310.998.00** |
| ***Во илјади ЕУР*** | ***24,306.00*** | ***21,317.00*** |

## 6. Големи зделки

Во 2021 година не се склучени големи зделки согласно членовите 455 и 456 од Законот за трговските друштва.

## 7. Односи со поврзани субјекти

Трансакциите со поврзаните друштва се извршени во согласност со тековните пазарни услови, цени и каматни стапки. Следната табела ги прикажува обемот и салдата од трансакциите со поврзаните субјекти со состојба за годината која завршува на 31 декември 2021 година.

| **2021** | **Побарувања** | **Обврски** | **Приходи** | **Расходи** |
|---|---|---|---|---|
| Витаминка БГ ЕООД Софија | 7.913.418 | 1.164.823 | 48.855.062 | 2.918.324 |
| Ведрина 2 ДОО Белград | 31.703.139 | 8.664.787 | 1.270.124 | 154.836.113 |
| В-роуте | 0 | 15.571.138 | 0 | 104.982.983 |

## 8. Акционерски капитал

На 31 декември 2021 година регистрираниот акционерски капитал на Друштвото изнесува 248,771 илјади МКД. Истиот е поделен на 76,720 запишани и во целост платени обични акции, од кои 74.434 акции даваат право на глас и дивиденда, додека правата од стекнатите сопствени акции мируваат во согласност со закон.

На 31.12.2021 год. друштвото имаше стекнато вкупно 2286 сопствени акции во согласност со Одлуката на Собрание на акционери со арх.бр. 02-806/10 на седницата одржана на 28.05.2021 година,. и врз база на претходните одлуки. Истовремено со оваа одлука, беше донесена и Одлука за отуѓување сопствени акции бр. 02-806/11 од 28.05.2021 год., а со цел, доколку за тоа се создаде можност, да изврши отуѓување или поништување на акциите во нареден период, во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва. Инаку, може да се констатира дека сите акции се стекнати согласно член 333 од Законот за трговските друштва и не беше евидентирано никакво отстапување од законските рамки. Процесот на стекнување сопствени акции со откуп согласно споменитата одлука може да продолжи најдоцна до 27.05.2022 година заради тоа што истата има важност од најмногу 1 (една) година согласно закон. Причините за стекнувањето сопствени акции со откуп би можеле да се лоцираат во настанатите поврзувања, присоединувања, спојувања и поделби на друштва во регионот, а пред сè влијанието на одредени поголеми трговски ланци во делот на производството и продажбата на храна. Од нивна страна беа купени повеќе помали конкурентски друштва, со чие присоединување настана реална опасност да се монополизира пазарот и да се преземат разни активности за уништување или нанесување штети на останатите конкуренти на пазарите во регионот.

## 9. Надоместоци на раководството

На раководството на Друштвото во 2021 година вкупно се исплатени 38.541.905,00 денари.

## 10. Финансиски извештаи и финансиски показатели

### 10.1. Поединечни финансиски извештаи

Во продолжение се презентира билансот на состојбата и успехот за 2021 година:

***Биланс на состојба:**

| | 31 декември 2021 000 МКД | 31 декември 2020 000 МКД |
|---|---|---|
| **Нетековни средства** | 1,390,979 | 1,334,360 |

| | | |
|---|---|---|
| Нематеријални средства | 2,762 | 3,879 |
| Вложувања во подружници | 113,263 | 113,232 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 161,572 | 116,379 |
| Финансиски побарувања | | |
| | **1,668,577** | **1,567,850** |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 658,235 | 495,825 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 606,756 | 490,398 |
| Побарувања за данок од добивка | | |
| Парични средства и еквиваленти | 17,223 | 35,710 |
| | **1,282,214** | **1,021,933** |
| **Вкупно средства** | **2,950,791** | **2,589,783** |
| **Капитал и обврски** | | |
| **Капитал** | | |
| Акционерски капитал | 248,771 | 248,771 |
| Резерви | 376,174 | 314,859 |
| Акумулирани добивки | 462,928 | 424,606 |
| | **1,087,873** | **988,236** |
| **Обврски** | | |
| **Нетековни обврски** | | |
| Позајмици | 969,859 | 1,033,069 |
| | **969,859** | **1,033,069** |
| **Тековни обврски** | | |
| Позајмици | 527,443 | 277,929 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 363,270 | 290,538 |
| Обврска за данок на добивка | 2,346 | 12 |
| | **893,058** | **568,479** |
| **Вкупно обврски** | **1,862,918** | **1,601,547** |
| **Вкупно капитал и обврски** | **2,950,791** | **2,589,783** |

***Биланс на успех:**

| | Година што завршува на | |
|---|---|---|
| | 31 декември 2021 000 МКД | 31 декември 2020 000 МКД |
| Приходи од продажба (приходите од продажба се намалени за дадените рабати на купувачите) | 2,812,150 | 2,343,955 |
| Останати деловни приходи | 55,634 | 64,031 |
| Набавна вредност на продадени стоки | -14,715 | -14,019 |
| Материјали, енергија и резервни делови | -2,040,426 | -1,538,011 |
| Трошоци за користи на вработените | -374,085 | -377,726 |

| | | |
|---|---|---|
| Амортизација и депрецијација | -109,412 | -104,190 |
| Останати деловни трошоци | -338,504 | -325,640 |
| Промени на залихите на готови производи | 94,860 | 809 |
| **Добивка од оперативно работење** | **85,502** | **49,209** |
| | | |
| Финансиски приходи | 9,189 | 7,481 |
| Финансиски расходи | -37,462 | -40,786 |
| Финансиски (расходи), нето | -28,273 | -33,305 |
| **Добивка пред оданочување** | **57,229** | **15,904** |
| | | |
| Данок на добивка | **-5,195** | **-2,187** |
| **Нето добивка за годината** | **52,034** | **13,717** |
| **Останата сеопфатна добивка за годината:** Промена на објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба | **53,330** | **10,807** |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | **105,364** | **24,524** |

- *Финансиски показатели:*

  - Оперативна профитна маржа пред амортизација – ЕБИТ ДА:

○ Во 2021 год. ЕБИТ ДА изнесува 6,41%.

  - Оперативна профитна маржа по амортизација – ЕБИТ:

○ Во 2021 год. ЕБИТ изнесува 2,81%.

- Согласно склучениот договор за кредити со комерцијалните банки, Друштвото е должно, во текот на целиот период на отплата на долгот, да ги пресметува и одржува следните соодветни финансиски показатели:

а. Тековни обврски по долгорочни кредити во однос на ЕБИТДА

б. Нето финансиско задолжување во однос на ЕБИТДА(не повисок од 8)

ц. Степен на финансиска сигурност (не понизок од 40%)

Остварените показатели согласно одредбите од горенаведените договори се следните:

| | 2021 |
|---|---|
| а. Тековни обврски по долгорочни кредити во однос на ЕБИТДА | 0,73 |
| б. Нето финансиско задолжување во однос на ЕБИТДА | 7,68 |
| ц. Степен на финансиска сигурност | 36,87 |

## 11. Трудова статистика

Трудовата статистика на П.И.„Витаминка" АД - Прилеп ги интегрира различните аспекти поврзани со менаџментот на човечките ресурси, следење на бројот на вработени, половата, образовната, националната структура, просечната старост на работниците во организацијата, следење на боледувањата и сл.

**На 31.12.2021 година во „Витаминка" работеле вкупно 665 работници,** а просечниот број вработени во 2021 год. бил 650 лица, од кои 66% биле вработени на неопределено време, а останатите 34% биле вработени на определено време. Сезонска работна сила не била ангажирана во овој период. **Просечниот број вработени во П.И.„Витаминка" АД Прилеп и „В-Роуте" ДООЕЛ Прилеп заедно изнесувал 679 лица.**

Правејќи споредба и анализа на просечен број вработени во временски интервал од 2015 год. до 2021 год. може да констатираме дека во текот на 2021 год. просечниот број на вработени изнесувал 649 лица, за разлика од 2020 год. каде просечниот број е за 26 лица повеќе и изнесувал 675 просечно вработени лица. Кога се прави споредба на просечно вработени на неопределено време може да се заклучи дека во текот на 2021 год. овој број во просек изнесувал 430 лица, за разлика од 2020 год. каде што овој број исто така е поголем за 13 лица и во просек во текот на годината изнесувал 443 лица. Вработени на определено време во текот на 2021 год. во просек имало 219 лица, за разлика од 2020 год. каде овој број е 232 лица.

На ден 31.12.2021 год. во ПИ „Витаминка", 343 лица се од машки пол, а останатите 322 лица се од женски пол, во процент тоа би било 52% жени, а останаите 48% се жени. На ден 31.12.2021 год. во „В-Роуте", 28 лица се од машки пол, а едно лице е од женски пол. Просечната возраст на вработени во ПИ „Витаминка" во текот на 2021 год. е 44.7 години, од кои што просечна возраст на жени е 44.4 години, а просечна возраст на мажи е 45 години. Просечна возраст на вработени во рамките на „В-Роуте„ се на возраст од 41.6 години, во „В-Роуте" преовладува машка популација на вработени кои имаат просечна возраст од 41.7 години и една вработена од женски пол на возраст од 38 годинша возраст.




Во 2021 година се бележат нови 125 нови вработувања, од кои најголемиот број се повторни вработувања на лица што работеле и претходно во друштвото на определено време, но заради дисконтинуитетите во процесите на работа, на лицата времено им престанувал работниот однос, а потоа повторно биле ангажирани во процесите на работа. Најголем број од вработувањата се реализирани во Техничкиот сектор на друштвото. Во

однос на одливот на кадарот, друштвото бележи намалување на бројот на барања за престанок на договорот за вработување по иницијатива на работник. Во 2021 година друштвото не се сооchi со изразени проблеми во поглед на недостаток на работна сила, а со посочените активности поврзани со дуалното образование и стипендирањето студенти на високообразовните установи, очекувањата се дека ќе се задоволат потребите за кадар, како во делот на елементарните занимања, така и во поглед на инженерскиот кадар.

На глобално ниво најголем пик на Covid 19 вирусот беше во текот на месец февруари 2021 год., тоа се почувствува и во рамките на друштвото, каде што, од работните места отсуствуваа најголем број вработени со потврдена дијагноза ковид. Месеците во летниот период јуни, јули и август, бележат значителен пад на бројот на позитивни и тоа ниту едно лице во текот на овие месеци не било позитивно и не отсуствувало од работното место. Значајно е и тоа дека околу 3/4 од вкупниот број вработени биле вакцинирани со две дози вакцини на крајот од 2021 година.

Од аспект на образовна структура во друштвото, со 53% од вкупниот број вработени доминираат работниците со завршено средно четиригодишно образование, додека високо образование имаат завршено 25% од вкупниот број вработени во друштвото. Во овој дел, организацијата во континуитет спроведува обуки за вработените, а согласно со Планот за обуки кој се изработува за секоја деловна година. Во споменатиот План за обуки на вработените е применет секторскиот принцип, на начин што одговорните лица на секоја организациона единица предлагаат обуки за тој дел, а Одборот на директори конечно го одобрува ваквиот план, како сегмент кон годишниот План за работа на друштвото во тековната година.

Во изминатата 2021 година континуирано се спроведуваа активностите поврзани со развојот на човечките ресурси. Особено важно е тоа што во друштвото и понатаму продолжија да се негуваат различните практики за мотивација на вработените и подобрување на условите за работење. За година беа доделени јубилејни награди во согласност со закон и колективен договор. ПИ „Витаминка“ доделува и стипендии на студенти на Технолошко-металуршкиот факултет, Електро-техничкиот и Машинскиот факултет (сите при УКИМ). Паралелно, сосема успешно се спроведуваат активностите поврзани со друалното стручно образование со ученици од Средното општинско училиште „Р.Ристески Ричко“ во Прилеп на профилот Техничар за индустриска мехатроника. Во овој момент вкупно девет ученици веќе посетуваат практична настава во просториите на друштвото, а истата ја спроведуваат посебно обучени и сертифицирани ментори.

## 12. Собрание на акционери, орган на управување, оперативен тим

Имајќи го предвид фактот дека станува збор за сложена организација - акционерско друштво, односно за голем деловен субјект, во друштвото воспоставена е и успешно функционира широко разгранета организациона структура. На врвот на организационата структура се наоѓа Собранието на акционери кое го претставуваат вкупно 216 акционери со

право на глас (состојба на 31.12.2021 год.). Во текот на 2021 година, беше одржано едно Годишно Собрание на акционери. Годишното Собрание на акционери се одржа со физичко присуство на 28.05.2021 година и на истото се одлучуваше по 10 точки на дневниот ред. Собранието се одржа без никакви проблеми во работењето.

Во текот на целата 2021 година беа одржани вкупно 11 /единаесет/ седници на Одборот на директори, на кои беа донесени и спроведени вкупно 46 одлуки и повеќе други акти. Бројот на одржани седници на Одборот на директори на П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп и воопшто активноста на Одборот на директори во 2021 година е во согласност со членот 373-а од Законот за трговските друштва. Сите седници на Одборот на директори се одржаа во полн состав, однос секој од членовите на органот учествуваше на секоја од закажаните и одржани седници.

На Годишното Собрание на акционери одржано на 28.05.2021 година, беше одобрена работата на сите членови на Одборот на директори: Симон Наумоски - Претседател (неизвршен член), Сашо Наумоски - Генерален извршен директор (извршен член), Благоја Ѓорѓијовски - Неизвршен член, Горан Рафајловски – Независен неизвршен член и Марјан Бојаџиев – Независен неизвршен член. Членовите на Одборот на директори имаат мандат од 4/четири/ години сметано од 12.06.2018 година и заклучно до 12.06.2022 година, со право на повторен избор. Друштвото се стреми да ја достигне цела до 2025 година да обезбеди учество на најмалку 30% жени членови во Одборот на директори. Во таа насока, во пресрет на следниот избор на нов состав на Одборот на директори, ќе биде предложено најмалку едно женско лице како член на органот на управување, со тенденција таквата практика да продолжи и понатаму, на начин што процентуалното учество на жените во органот ќе се зголемува.

Во П.И.„Витаминка" а.д. Прилеп во 2021 година функционираа вкупно 10 (десет) сектори и тоа: Технички сектор, сектор за Набавки и логистика, Продажен сектор 1 - Република Македонија (продажба на домашен пазар), Продажен сектор 2 - Република Србија (продажба во Р.Србија), Продажен сектор 3 - останат свет (продажба во странство без Р.Србија), сектор за Правни и општи работи, сектор за Финансии, сектор за Контрола на квалитетот, сектор за Развој и сектор Маркетинг. На чело на секој сектор е поставен директор, со исклучок на секторот Маркетинг за кој формално не е именуван директор. Во рамките на секторите се организирани и функционираат служби и работни единици. Директорите на секторите се членови на Оперативниот тим на „Витаминка".

Во друштвото се определени три нивоа на менаџмент и тоа: ниско, средно и високо ниво на менаџмент, со прецизно определени права и одговорности во работењето.

Процесот на донесување одлуки во друштвото е крајно транспарентен и истиот го сочинуваат следните активности: идентификување на проблем, анализирање на проблем, развивање на алтернативни решенија, избор на најдобрата солуција, претворање на одлуката во акција и следење на преземените активности.

### 12.1. План за сукцесија на Одборот на директори

Со оглед на фактот што 2022 година е изборна година за членови на Одборот на директори на друштвото, постоечкиот состав на Одборот на директори, во согласност со барањата на Кодексот за корпоративно управување (т. 2.17) имаше задача да утврди соодветен план за сукцесија. Иако упатувањето е дека планот треба да се фокусира на неизвршните членови на Одборот на директори, во едностепениот систем на управување, сепак, планот го опфаќа целиот состав на органот.

Континуитет во функционирањето на Одборот на директори, во основа, се обезбедува со чинот на реизборот на тројца од вкупно пет негови членови. Всушност, промената ќе вклучува замена на постоечките двајца независни неизвршни членови со нови двајца членови на нивното место, целосно почитувајќи ги највисоките законски барања и барањата поврзани со корпоративното управување.

За да се спроведе потребната сукцесија на Одборот на директори, друштвото ќе ги преземе следните активности:

- Ќе изврши претходно испитување на сите околности поврзани со исклучување на евентуална спреченост на некој од потенцијалните кандидати за членови на органот на управување, да можат да бидат членови на Одборот на директори, а особено од аспект на членовите 29-а и 29-б, но и други применливи одредби, од Законот за работните односи. Со оваа постапка ќе се превенира опасноста од можно незапишување на новиот состав на Одборот на директори во Централниот регистар на Р.С.М. Испитувањето ќе се изврши преку пополнување прашалници со изјава од страна на потенцијалните кандидати, но и претходно испитување на околностите од страна на службите во друштвото;
- Ќе изврши претходно информирање на идните членови на Одборот на директори за вкупниот ангажман во органот на управување во периодот на изборот, а особено од аспект на потребата за нивна достапност на месечно и годишно ниво, сè во функција на обезбедување континуитет во одлучувањето;
- Ќе се утврди листа на дополнителни кандидати како можност за брза замена во случај на: проблем во запишување, отповикување пред истекот на времето за кое биле избрани, оставка или други случаи на престанок на мандатот;
- На потенцијалните кандидати ќе им бидат доставени најважните документи за функционирањето на друштвото и органот на управување, како Статут, Деловник за работа на органот на управување и друго, најдоцна 45 (четириесет и пет денови) пред нивниот официјален избор на претстојното собрание на акционери. Потенцијалните кандидати ќе бидат повикани и лично да побараат дополнителни информации за работењето на друштвото, уште во периодот на номинација. Потенцијалните кандидати ќе бидат упатени на основните одредби од Законот за трговските друштва и Кодексот за

корпоративно управување во делот на правата, обврските и одговорностите на членовите на органот на управување во друштвото;

- Потенцијалните кандидати за членови на Одборот на директори ќе бидат поканети да присуствуваат на седницата на Собранието на акционери, на која се врши нивниот избор, а заради запознавање со работата на највисокиот орган и евентуалната потреба од презентирање на одредени биографски и други податоци пред акционерите и нивните полномошници;
- До одржувањето на конститутивната седница на Одборот на директори, друштвото ќе ги обезбеди и други поважни акти за работењето на друштвото, а особено извештаите на Одборот на директори и некои поважни одлуки, а во функција на запознавање со начинот на функционирање на друштвото, организацијата на работа на друштвото во целина, но и на органот на управување;
- Потенцијалните кандидати ќе бидат информирани за започнатите проекти или проектите што перспективно треба да се реализираат на основа на претходно донесени одлуки на Одборот на директори, а заради потребата да се обезбеди континуитет во работењето и истите да бидат квалитетно завршени. На потенцијалните кандидати ќе им бидат ставени на располагање сите потребни документи во врска со предметната работа;
- Потенцијалните членови на Одборот на директори ќе бидат информирани за потребата навремено да го најавуваат сопственото отсуство од закажаните седници на Одборот на директори, а доколку постои потреба за едногласно одлучување, тогаш, одлучувањето може да биде со кореспонденција или со одржување седници по електронски пат;
- Друштвото ќе обезбеди заедничка конститутивна седница на членовите на Одборот на директори од претходниот состав и членовите на Одборот на директори од новиот состав, а заради пренесување на знаењата, искуствата и преземените обврски во поглед на управувањето и надзорот.

Овој план за сукцесија ќе започне да се применува најдоцна 45 дена пред денот на одржувањето на седницата на Собранието на акционери, на која што треба да се пристапи кон избор на новите членови на Одборот на директори. За членовите за кои што се врши реизбор нема да се спроведуваат активностите поврзани со повторно доставување на актите на друштвото и информирање за рабтоењето на Одборот на директори во претходниот мандат.

## 13. Корпоративна општествена одговорност

Општествената одговорност е веќе години наназад дел од самата суштина и стратешка определба на Витаминка. Ангажираниот однос кон заедницата е интегриран и претставува суштински дел од плановите за развој или од секојдневното работење на компанијата. Преку активностите што ги спроведуваме или ги поддржуваме, ја демонстрираме нашата искрена грижа за заедницата, за подобрување на условите во различни општествени сегменти и за создавање еднакви можности за сите.

Одговорноста што како една од најголемите компании во земјава ја имаме, ја демонстрираме во повеќе области, здравство, спорт, социјална еднаквост, култура, поп култура. Некогаш фокусот на нашето внимание е цела група граѓани, а некогаш тоа се поединци, индивидуалци кои имаат потреба од ургентна помош или пак се истакнел со некој значаен подвиг и на тој начин го заслужува внимание на Витаминка.

Филантропијата е во суштината на нашата корпоративна општествена одговорност. Посебен дел од тоа е грижата за оние што се во социјално неповолна ситуација. Покрај издвоени донации и помош, што како компанија ја даваме, исто така ја поддржавме платформата „Храна за сите-Банка за храна“ преку којашто го донираме вишокот храна што сѐ уште е во добра состојба и е безбедна за употреба. „Витаминка“ беше дел од проектот на „Еурохуман Интернационал“, на „Ајде Македонија“ и на здружението „Љубезност“, чија цел е да помогне во рамноправна распределба на вишокот храна. Ваквата практика ќе доведе до намалување на состојбата со недоволната исхранетост во државата и намалување на недостатокот од храна. Но, исто така преку примерот на компаниите и индивидуалците вклучени во проектот, ќе придонесе и за зголемување на свеста на населението за одговорно однесување кон своите сограѓани. „Витаминка“ ја доставува храната соодветно стандардите и правилата за транспорт, договорено според препораките од носителот на проектот, а тие понатаму храната ја доставуваат до корисниците односно оние на кои им е потребна помош. Индиректно дистрибуираната храна завршува кај повеќе социјално загрозени граѓани на територијата на Република Македонија и соседно Косово.

Исто така, нашиот придонес е голем и во спортот со бројни активности, преку кои поддржуваме различни спортски активности од екипен, па сé до индивидуални спортови. Една од активностите со кои посебно се гордееме е нашата грижа за локалниот спорт и за заживување на спортскиот дух во градот и посебно кај младите. Така, нашата компанија, како основач на Ракометниот клуб „Деспина“ се грижи и ги обезбедува сите потребни услови за непречено тренирање и активно учество на членовите во клубот во своите лиги (кадетска и сениорска).

Во спортот, редовно се вложува во спортски активности од различен тип, екипен, поединечен, зимски или летни. Некогаш тоа се веќе докажани и афирмирани спортисти кои понатаму ги промовираат нашите брендови а некогаш тоа се спортски активности во подем.

Во текот на 2021 година го поддржавме Ракометниот клуб „Вардар“,Snow sport Маврово, Карате клуб ФУДО од Скопје, КБСР 7-МИ МАЈ од Прилеп, Џудо клуб Сеишн Прилеп, Велосипедски клуб Илинден 2007 Прилеп, Ски клуб Крушево, ЖФК Деспина Прилеп, Фил

Феникс Прилеп, воздухопловен клуб, Друштво за спортски активности ФК Победа АД Прилеп, Шаховски клуб Прилеп, Македонска тениска федерација, Здружение Трчај бе Битола, Џудо федерација на Македонија, Скај рајдерс Прилеп.

Како вистински поддржувач на културата ги поддржавме ЦСЛУ Прилеп, Здружение за култура, уметност и информации Ден и Ноќ Охрид, Gentleman's Crew-Меѓународен хуманитарен настан, Здружение „Борка" Скопје со тоа што нашиот Атлантис го „облековме во бојата на здружението за борба шротив рак на дојка-розова и донираавме средства од секој продаден Атлантис, потоа донираавме во Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп, а го спонзориравме и филмот Кајмак на Милчо Манчевски, како и детската емисија Дајте музика. Со Стоби флипс бевме присутни на Детстаката евровизија во Париз.

Како што ја поддржуваме културата исто така имаме развиен одговорен однос и кон поп културата. Сите овие активности, кои се посебно во сегментот на културата, попкултурата и општествените настани и нивната поддршка се во насока на дополнителна промоција на корпоративниот бренд, нашите компаниски вредности како и на сите останати брендови на Витаминка.

Така преку изборот на настани каде сме присутни го следиме диверзитетот на музичките настани и ја поддржуваме музиката. Го поддржавме фантастичниот концерт на детскиот фестивал „Златно славејче". Особено сме горди на нашата поддршка на Театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински" кој секоја година се одржува во Прилеп.

Од општествени настани од супкултурата нашата поддршка ја дадовме и за доделувањето на Твитер наградите.

Витаминка донираше повеќе пати на социјално загрозени семејства, на поединци, на верски објекти, здравствени установи, СОС Детско село.

Сите активности што сме избрале да ги поддржиме се одраз на нашиот однос кон заедница, се рефлексија на нашите компаниски, колективни вредности, но исто така и во насока на засилена афирмација и популаризација на нашите производи.

## 14. Осврт на органот на управување кон макроекономските состојби во државата и состојбите во Друштвото

### 14.1. Економскиот амбиент во Република Северна Македонија во текот на 2021 и согледување на светските економски трендови

Најновите расположливи показатели за домашната економија, заедно со вградените надворешни и домашни претпоставки за следниот период не упатуваат на поголеми промени во динамиката на економската активност. Закрепнувањето на домашната економија се одвива согласно со очекувањата и покрај неизвесноста поврзана со пандемичната криза и појавата на нов бран од пандемијата во текот на третиот квартал на 2021 година. Притоа, во проекциите на растот се задржуваат досегашните претпоставки за подобрување на надворешното окружување, при оцени за поизразено закрепнување на странската

побарувачка и поповолна ценовна конјунктура на одредени репроматеријали, што ќе делува стимулативно врз домашниот извозен сегмент. Од друга страна, неповолен фактор од надворешното окружување, којшто особено дојде до израз во последниот период, претставуваат нарушувањата на глобалните синџири на снабдување, транспорт и логистика, коишто влијаат врз редовниот процес на производство на светско ниво, особено во прехранбената индустрија. Сепак, ваквите неповолни трендови и нивните ефекти врз економијата се оценуваат како привремени, при што се задржани очекувањата за нивно стабилизирање во текот на 2022 година. Но, доколку оваа претпоставка не се оствари, тоа би можело негативно да се одрази врз тековните економски изгледи. Во поглед на домашниот амбиент и натаму се очекува дека спроведувањето на процесот на имунизација, како и досега, позитивно ќе делува врз довербата и однесувањето на економските субјекти, што ќе придонесе за подобрување на економските услови, при очекувања за постепено стабилизирање на епидемиолошката состојба и постепено исцрпување на негативните ефекти од здравствената криза во периодот на проекции. Воедно и оцените за натамошно остварување на јавните и приватните инвестиции и за прилив на странски инвестиции останаа исти, во услови на постабилно окружување. Во согласност со овие претпоставки за надворешниот и домашниот економски контекст, а при остварувања коишто се блиски до очекуваните, во октомврискиот циклус се задржани проекциите за раст на економијата од 3,9% во 2021 година и со истата динамика и во 2022 година. Согласно со задржаната патека на раст и натаму се очекува дека економијата ќе се врати на претпандемичното ниво во текот на 2022 година. Растот на економијата ќе продолжи и во 2023 и 2024 година, со истата очекувана стапка како во април, од 4%. Гледано од аспект на структурата на БДП и натаму се предвидува дека економскиот раст во наредниот период во целост ќе произлезе од домашната побарувачка, којашто би остварила повисок позитивен придонес во растот, наспроти нето-извозот, којшто би имал поизразен негативен придонес. Повисоките остварувања во текот на годината и нагорните корекции кај надворешните влезни претпоставки за цените на енергијата и храната доведоа до умерена нагорна ревизија на стапката на инфлација за 2021 година, при што сега се оценува дека таа ќе изнесува 3,1%. Сепак, увозните притисоци поврзани со повисоките глобални цени на енергентите и храната и неусогласеноста меѓу понудата и побарувачката се оценуваат главно како привремени и се очекува дека тие постепено ќе се исцрпуваат во втората половина од 2022 година. Оттука, во 2022 година се очекува дека стапката на инфлација ќе се намали и во просек ќе изнесува 2,4 Понатаму, во 2023 – 2024 година се очекува дека инфлацијата ќе се стабилизира и ќе се движи околу историскиот просек од 2%. Оцените за движењата во надворешниот сектор посочуваат на одредено проширување на дефицитот кај тековните трансакции во 2021 година на 3,8% од БДП, при неповолни ценовни притисоци кај увозот на енергенси и изразени ризици од отежнатото функционирање на глобалните синџири на снабдување. За 2022 година, проекциите предвидуваат одредено стабилизирање на променливоста на берзанските цени и постепено стабилизирање на синџирите на снабдување во текот на годината, што соодветно би довело до задржување на дефицитот во тековните трансакции на 3,8% од БДП.

Во однос на кризата во Украина, наша оценка е дека нападот нема значително да ја потресе американската економија и работењето на големите компании, бидејќи Русија, за разлика од Европа, не е главен трговски партнер на САД, а првичните санкции на Западот не беа толку драстични како што првично се очекуваше. Од друга страна, позицијата на Русија во светската економија, особено како извор на суровини и енергија, е таква што каков и да е одговорот на Русија, ќе и наштети и на Европа која е зависна од енергијата. Сосема извесно е дека конфликтот ќе ги искомплицира испораките на сурово сончогледово масло и брашно од пченица на светско ниво, а имајќи ја предвид улогата на двете завојувани страни во производството на овие суровини. Во првата половина на 2022 година, очекувано е да дојде до пораст на стапката на инфлација на глобално ниво во висина од 6 до 8%.

### 14.2. Состојби во Друштвото (осврт на Претседателот на Одбор на директори)

И покрај присутната пандемија на Ковид 19, која, втора година беше присутна во целиот свет (во 2021-та), неочекувано, во период кој не можеше однапред да се процени што ќе донесе како резултат од работењето, 2021 година помина повеќе од добро, со релативно добри позитивни резултати и тоа на повеќе полиња во „Витаминка".

Прво беше остварена нето добивка во „Витаминка", заедно со „Брилијант", во висина од околу 825.000,00 €. Тоа беше остварено пред сè од многу доброто, а неочекувано позитивно работење во I-от квартал на 2021 година, како никогаш досега остварен во изминатите 20-30 години. Одличен резултат беше остварен и во IV-от квартал на таа година, многу добар во третиот и добар, најслаб во II-от квартал.

Второ, прв пат после подолго време почна успешно да се работи на пазарот на Р.Србија, и тоа од крајот на март 2021 година, откако отпочна многу успешно да функционира работата со новиот купувач - MD International D.O.O. од Белград. Во нашето друштво „Ведрина-2" во Белград останаа и продолжија со работа само две лица во седиштето на друштвото, лоцирано на ул. „Скадарска" бр. 11, кое што дефинитивно премина во сопственост на матичното друштво. Од почетокот на оваа 2022 година отпочна убаво да се работи и со третиот нов купувач на тој пазар: SILBO D.O.O. од Белград.

Работата со првата компанија продолжи со успешна и зголемена, по волумен, работа, и во овие три први месеци од оваа 2022 г., за да заедно со продажбата остварена преку нив двете, и преку ДИС – Крњево (стар наш купувач), се оствари, во март о.г., реализација од сса 242.000,00 € нето и тоа обезбедена со сигурни финансиски инструменти за плаќање (банкарска гаранција). Се очекува работата со овие ново-ангажирани компании да се шири, зголемува и во оваа година, кое нешто очекувано е да биде главниот фактор на остварувањето на прилично подобри резултати во работењето на „Витаминка" во тековната година.

Трето, работата на нашата транспортна компанија - „В-Роуте" ДООЕЛ Прилеп, во 2021 година беше многу успешна, и тоа во I-та година на постоење, во која година таа оствари

позитивен резултат во нејзината работа од сса 250.000,00 €. Тоа, како и она што е остварено со пласманот на нашите производи на пазарот во Р. Србија, се резултати за огромна почит.

„В-Роуте" е друштво во целосна сопственост на П.И.„Витаминка" АД Прилеп, регистрирано и за транспорт на стоки кон трети лица, кое нешто сосема започна да функционира во 2021-та година, но и во изминатите три месеци од оваа 2022 год.

Четврто, успешно се изведоа градежни активности на начин што се прошири погонот за производство на „Цевитана" со нов IV инстантизер, со користење исклучиво на сопствени финансиски средства, и таа при работа во континуитет, во четири смени, на месечно ниво, од што се обезбедува значително поголемо производство или за 30-40% од актуелниот капацитет.

Петто, присутниот шкарт во производството на „Frutti" кексот кој повеќе претходни години беше во просек од 3-5% на годишно ниво, од IV квартал на 2020-та се сведе под 2%, а од крајот на I-от квартал од 2021-та година и под 1%. Со купувањето на новата чоколадирка (енробирка) од Р.Турција, монтирана при крајот на 2021-та или поточно, во првиот квартал на оваа 2022 год., тој шкарт и дефинитивно е под 1% на месечно ниво (се движи околу 0,6-0,7%) што претставува огромна заштеда од шкарт во таа Р.Е. („Кекси).

Шесто, со нашиот трговски партнер „Витаминка-Трејд" од Приштина, при крајот на 2021 година (ноември-декември) дефинитивно ја регистриравме и работи, нашата заедничка инвестиција "VITAFOOD" – Приштина, со 50:50 финансиско учество во компанијата, на „Витаминка" АД Прилеп и „Витаминка-Трејд" Пришина. Оваа заедничка компанија од организациски и технички причини, но и заради фактот што функционира неполна година, ќе искаже загуба од работењето, но очекувањата се дека веќе од 2022 година ова друштво ќе започне целосно самостојно и профитабилно да работи.

Седмо, резултатите од работењето на „Витаминка" АД, без да се земе предвид маслото за јадење, во првите месеци од оваа 2022 година не се на нивото на остварените во истиот период од 2021 година, посебно во месеците јануари и февруари. Причините за тоа, доминантно можат да се лоцираат во следните две работи: првата причина е крајно хаотичниот и многу брз раст на цените на поголем дел од репроматеријалите кои се користат со увоз од светските пазари и втората причина е загубата која се бележи од продажбата на маслото за јадење „Брилијант" како последица од Одлуката на Владата на РМ да се замрзнат продажните цени на маслото од 1.12.2021 год. Тоа замрзнување траеше сè до крајот на февруари, но и до средината на март 2022 година, во кој период работевме со големи загуби од продажбата на маслото. Само за февруари таа загуба изнесуваше околу 190.000,00 €.

Осмо, посебно светли точки во работењето на планот на продажбата во овој изминат период од 2022 година, па и во претходната година, беа: Секторот за Извоз и Продажбата на нашите производи на пазарот во Србија.

Деветто, војната која денес се води на теренот на Украина, а поради инвазијата на Русија врз оваа земја, ќе донесе големи негативни последици во секаква смисла, во натамошното работење на „Витаминка". Последиците во овој момент не може да бидат проценети од наша страна. Тие ќе се одразат и врз снабдувањето на суровини за нашата фабрика за масло во Штип и врз цената на нафтените деривати и гасот кои ние редовно ги

користиме и врз цената на другите суровини кои се користат во производството: брашно, царевен гриз, шеќер и многу други.

Десетто, во 2021 год. „Витаминка“ исплати најголеми износи на камати и вкупни ануитети по земени и искористени кредити и кредити кои и натаму ги користи, земени од комерцијалните банки во Републикава, пред сè од: „Комерцијална банка“, „Прокредит банка“, и „NLB банка“, од „Стопанска банка“ и од „Шпаркасе банка“. Тие земени кредити се за долгорочно и краткорочно финансирање. Краторочните се пред сè за потребите на обртен капитал. Најголемиот износ на такви кредити се за купувањето и за набавките на суровина за потребите на фабриката за масло „Брилијант“, со локација во Штип.

Износот на исплатените ануитети по земените кредити во 2021 година беше во висина од: 4.306.435,00 €

Во 2021 год. овој износ речиси целиот беше исплатен од сопствени извори на финансиски средства и „Витаминка“ за потреби на инвестиционен план потроши дополнителни финансиски средства кои ги земаше од банките како долгорочни кредити за таа намена. Тие дополнителни земени кредити од „Витаминка“ беа за: купување на разни машини и за купување на земјиште и хали (во локацијата во „Охис“-Скопје) и за други потреби од помал обем.

Вкупните одливи на финансиски средства во 2021 год. по Годишниот извештај на секторот за Развој и инвестиции и Финансовиот сектор, одливи од сопствени извори и одливи по основ на кредити се во висина од:

6.709.209,00 €

плус дополнителни кои се во грејс период сè уште, во висина од:

1.311.774,00 €.

По овој износ, последниов, во грејс периодот се плаќа само договорената камата за нив во тој период. Овие се девизни кредити.

Единаесетто, за износот на земените кредити до 31.12.2021 год., споменати во претходната точка, најголемите оптоварувања од исплатата на ануитетите по нив ќе ги имаме, како што и претходно се спомена, во оваа, во 2023, 2024 и донекаде во 2025 година.

Обврската за земениот кредит од „Стопанска банка“ – Скопје е за купениот одличен производен простор во ОХИС-Скопје, кој претходно беше во сопственост на компанијата „Табернакул“ од Скопје, која е во ликвидација.

Дванаесетто, кон крајот на претходната година, во атарот на с. Беровци, прилепско, е купен одличен простор од околу 8,7 хектари земјоделско земјиште, која површина претставува одличен простор за индустриски намени. Земјиштето беше исплатено од сопствени средства во висина од сса 375.000,00 €.

Тринаесетто, вкупните обврски кои „Витаминка“ ги имаше по земени кредити со состојба 31. Март 2022 год. беа следните:

- По долгорочни кредити: 20.403.098,00 €
- По краткорочни кредити: 4.898.560,00 €

= Вкупен долг А: 25.301.658,00 €

Четиринаесетто, „Витаминка“ АД со состојба 31.12.2021 година, имаше купено обични акции од:

- „Комерцијална банка“......................... 13.593 акции;
- „Витаминка“ (сопствени акции).............2.286 акции:
- и во „Жито Лукс“ (обични)...................... 500 акции.

Со презентираните информации се прави краток осврт на поважните аспекти поврзани со работењето на „Витаминка“ АД и поврзаните друштва во претходната деловна година, но и во првиот квартал од 2022 година.

- **ИЗЈАВА ЗА ПРИМЕНА НА КОДЕКСОТ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ**

Прехранбена индустрија „Витаминка“ АД Прилеп изјавува дека согласно член 384-а од Законот за трговските друштва во целост се придржува кон Кодексот за корпоративно управување.

Кодексот за корпоративно управување е објавен на веб страната на друштвото и со тоа е јавно достапен за сите заинтересирани страни.

Сите дејствија и постапки во деловната 2021 година беа во согласност со законот и одредбите од Кодексот за корпоративно управување. Имено, друштвото постапуваше транспарентно во поглед на обврската за обелоденување податоци и информации, а процедурите за контрола и ревизија во друштвото целосно се почитуваа. Доследно се применуваа и највисоките барања поврзани со начинот на функционирање на органот на управување, собранието на акционери и помошните тела.

Согласно измените на Правилата за котација на Македонска берза, усвоени од Одборот на директори на Македонската берза на 21.12.2021 година, а за коишто е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност на 27.12.2021 година, Прехранбена индустрија „Витаминка“ АД Прилеп по истекот на 2022 година ќе извести за примената на Кодексот за корпоративно управување, што ќе биде задолжително за сите друштва што ќе ги исполнуваат пропишаните критериуми.

09.03.2022 год.

П.И.„Витаминка“ АД Прилеп
Претседател на О.Д.
Дипл.инг. Симон Наумоски

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 1 ПРИЛЕП